Упатство за употреба
SEAT Arona

SEAT

Податоци за возилото

Тип на возило:
Регистарска табличка:
Идентификациски број на возилото:
Датум на прва регистрација односно испорака:
Договорен партнер за SEAT:
Советник за сервис:
Телефон:

Потврда за прием на документи и клуч за возилото

Кон возилото припаѓаат:	**ДА**	**НЕ**
Прирачник за возилото	☐	☐
Главен клуч	☐	☐
Втор клуч	☐	☐
Проверена е правилната функција на клучевите	☐	☐
Место: Датум:		
Потпис на сопственикот на возилото:		

Вовед

Се одлучивте за SEAT - ви благодариме за вашата доверба.

Со вашиот нов SEAT ќе можете да уживате во возило со најмодерна технологија и опрема со највисок квалитет.

Ви препорачуваме внимателно да го прочитате ова упатство за употреба за да стекнете доверба во возилото и за да можете да ги искористите сите негови функции при секојдневното возење.

Информациите за ракувањето се надополнети со упатства за функциите и негата на возилото за на тој начин да се гарантира неговата безбедност и вредност. Освен тоа, ви даваме и практични совети и предлози за ефикасно и еколошко возење на вашето возило.

Ви посакуваме големо задоволство со вашето возило и добар пат.

SEAT, S.A.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ве молиме почитувајте ги важните безбедносни напомени за предното воздушно перниче на совозачот.

За овој прирачник

Во овој прирачник се опишува **опремата** на возилото во моментот на печатењето. Некои од опишаните опреми ќе бидат воведени подоцна или пак се достапни само на одредени пазари.

Некои опреми и функции што се опишани тука не се достапни кај сите типови или варијанти на моделот и може да се менуваат во зависност од техничките барања и барањата на пазарот, без истото да се смета за било каква лажна реклама.

Сликите може во одредени детали да отстапуваат од вашето возило и треба да се разберат како општи прикази.

Податоците за насока (лево, десно, напред, назад) кои се користат во овој прирачник се однесуваат на правецот на движење на возилото, ако не се направени податоци кои звучат поинаку.

Аудио-визуелниот материјал треба начелно да им помогне на корисниците, некои функции на автомобилот подобро да ги разберат. Тој не служи како замена за упатството за употреба. Видете во упатството за употреба за сите информации и предупредувања.

* **Опремите кои се означени со ѕвездичка (*)** ги има во сериската опрема само кај одредени верзии на модели и истите се доставуваат само за одредени верзии како посебна опрема односно се нудат само во одредени земји.

® **Заштитените заштитни марки** се означени со ®. Недостатокот на овој знак не е гаранција за тоа дека поимите смеат слободно да се користат.

>> Го означува продолжението на едно поглавје на следната страница.

Важни предупредувања на наведената страница.

Детална содржина на наведената страница.

Општи информации на наведената страница.

SOS Информација за итен случај на наведената страница.

Во ова упатство за употреба можете да дојдете до информациите на следниот начин:

- Тематски општ индекс подреден според поглавја.
- Визуелен индекс со графички податок на страницата, на којшто има „основни информации“, кои се подетално објаснети во соодветните поглавја.
- Индекс со многубројни стручни поими и синоними кои го олеснуваат пребарувањето на информациите.

⚠ ВНИМАНИЕ

Текстовите со овој симбол содржат информации за вашата безбедност и упатуваат на можни опасности од незгода и повреда.

ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Текстовите со овој симбол ви обрнуваат внимание на можни оштетувања на вашето возило.

Напомена за околината

Текстовите со овој симбол содржат напомени за заштитата на животната средина.

Напомена

Текстовите со овој симбол содржат дополнителни информации.

Печатено упатство за употреба

Печатеното упатство за употреба содржи важни информации за користењето на возилото и за ракувањето со Infotainment системот.

Во дигиталната верзија на упатството се наоѓаат детални информации.

Дигитална верзија на упатството на Infotainment системот

Слика 1

Интернет страница на SEAT

Дигиталната верзија е достапна на официјалната интернет страница на SEAT.

За приказот на дигиталната верзија на упатството:

- Скенирајте го QR-кодот **›››** **слика 1**
- **ИЛИ** внесете ја следната адреса во Вашиот пребарувач:

http://www.seat.com/owners/yourseat/manuals-offline.html

изберете го Вашето возило и потоа опцијата „Infotainment“.

Наведени видеа

Слика 2

Интернет страница на SEAT

Користењето на некои функции на возилото може да се прикаже во форма на видео инструкции:

- Скенирајте го QR-кодот **›››** **слика 2**
- **ИЛИ** внесете ја следната адреса во Вашиот пребарувач:

http://www.seat.com/owners/yourseat/manuals-offline.html

изберете го Вашето возило и потоа опцијата „Мултимедија“.

Напомена

Видео инструкциите се достапни само на некои јазици.

Индекс

Општо.....7
Надворешен приказ 7
Надворешен приказ 8
Преглед на страната на возачот
(управувааč на лева страна) 9
Преглед на страната на возачот
(управувач на десна страна) 10
Преглед на страната на совозачот
(управувааč на лева страна) 11
Преглед на страната на совозачот
(управувач на десна страна) 12
Средишна конзола 13
Внатрешен приказ 14
Функции 15
Отворање и затворање 15
Пред возењето 19
Воздушни перничиња 21
Детски седишта 24
Стартување на возилото 31
Светло и видливост 31
Easy Connect 34
Контролни сијалички 38
Уред за регулирање на брзината 39
Рачка на рачен менувач 41
Климатизирање 42
Проверка на нивото на течности 47
Вонредни ситуации 51
Осигурувачи 51
Сијалички 52
Постапување во случај на дефект 53
Менување тркало 54
Ланци за снег 59

Индекс

Влечење на возилото во итен случај 60
Помош при стартување 61
Менување метлички на бришачи 63

Надворешен приказ



① ››› страна 16
② ››› страна 47
③ ››› страна 15
④ ››› страна 47
⑤ ››› страна 60
⑥ ››› страна 18
⑦ ››› страна 53

Надворешен приказ



1 ››› страна 48
2 ››› страна 47
3 ››› страна 50
4 ››› страна 51
5 ››› страна 47
6 ››› страна 49
7 ››› страна 49
8
9 ››› страна 30
10 ››› страна 54
11 ››› страна 53

Преглед на страната на возачот (управувач на лева страна)



1 ››› страна 32
2 ››› страна 39
3 ››› страна 32
4 ››› страна 20
5 ››› страна 18
6 ››› страна 18
7 ››› страна 38
8 ››› страна 33
9
10 ››› страна 31
11 ››› страна 21
12 ››› страна 51

Преглед на страната на возачот (управувач на десна страна)



1 ››› страна 33
2
3 ››› страна 32
4 ››› страна 20
5 ››› страна 18
6 ››› страна 31
7 ››› страна 38
8 ››› страна 32
9 ››› страна 39
10 ››› страна 21
11 ››› страна 51

Преглед на страната на совозачот (управувач на лева страна)

1 ››› страна 21
2 ››› страна 18
3

Преглед на страната на совозачот (управувач на десна страна)



1 ››› страна 21
2 ››› страна 18
3 ››› страна 18
4

Средишна конзола



① ››› страна 33
② ››› страна 41
③
④ ››› страна 15
⑤ ››› страна 34
⑥ ››› страна 42

Кај возила со управувач на десната страна редоследот е симетричен.

Внатрешен приказ

① ››› страна 19
② ››› страна 20
③
④ ››› страна 27
⑤ ››› страна 19
⑥ ››› страна 22

Функции

Отворање и затворање

Видео за темата

Слика 3 Отворање и затворање

Врати на возилото



Слика 4 Клуч на далечинско управување: Копчиња

Слика 5 Средишна конзола: Копче за централна брава.

Заклучување и отклучување со клучот

- Заклучување: притиснете го копчето ››› **слика 4**.
- Отклучување: притиснете го копчето ››› **слика 4**.
- Отклучување на задната врата: притиснете го копчето ››› **слика 4** додека трепкачите на возилото не трепнат накратко.

Заклучување и отклучување со копчето за централна брава

- Заклучување: притиснете го копчето ››› **слика 5**. Симболот свети жолто за да прикаже дека е активирана централната брава. Ниту една врата не може да се отвори однадвор. Вратите може да се отворат однатре со притиснување на рачката за отворање на вратата.
- Отклучување: Притиснете го копчето уште еднаш ››› **слика 5**. Симболот повторно се менува во својата првична боја.

Отклучување или заклучување на вратата на возачот



Слика 6 Рачка од вратата на возачот: скриена цилиндрична брава.

При дефект на централната брава, вратата на возачот може да се отклучува и заклучува на цилиндричната брава.

»

При рачно заклучување начелно се заклучуваат сите врати. При рачно отклучување се отклучува само вратата на возачот. Почитувајте ги напомените

за алармниот уред против кражба.

- Металниот дел од клучот за возилото отворете го.
- Металниот дел од клучот ставете го на рачката од вратата во долниот отвор на заштитниот капак ››› **слика 6** (стрелка) и подигнете го заштитниот капак од долу нагоре.
- Ставете го металниот дел од клучот во цилиндричната брава и отклучете го односно заклучете го возилото.

Особености

- Алармниот уред против кражба останува активиран при отклучено возило. Не се активира аларм.
- По отворањето на вратата на возачот, на возачот му остануваат 15 секунди за да се вклучи палењето. По овој период се активира алармот.
- Вклучете го палењето. Електронскиот имобилизатор препознава валиден клуч за возилото и го деактивира алармниот уред против кражба.

Напомена

Алармниот уред против кражба не се активира при рачно заклучување на возилото со металниот дел од клучот.

Вонредно отклучување на вратите без цилиндрична брава

Слика 7 Блокирање на вратата во итен случај.

При дефект на централната брава, вратите мора одделно да се заклучат без цилиндричната брава.

Во предниот дел на вратата на совозачот се наоѓа брава за итен случај (видлива само при отворена врата).

- Повлечете го заштитниот капак од отворот.
- Ставете го металниот дел од клучот во процепот од внатрешната страна и вртете го клучот до крај надесно (десна врата) односно налево (лева врата).

По затворањето на вратата повеќе не е можно отворање на вратата однадвор. Вратата може да се отклучи однатре со еднократно повлекување на рачката на вратата и истовремено да се отвори.

Задна врата



Слика 8 Задна врата: Рачка на вратата

Отворањето на задната врата се врши преку електричен систем*. Тоа се активира со лесно притиснување на рачката ››› **слика 8**.

Во зависност од состојбата на возилото, функцијата на овој систем е достапна односно блокирана.

Ако задната врата е заклучена, истата не може да се отвори. Ако сепак е отклучена, функцијата на системот за отворање е активирана и задната врата може да се отвори.

За префрлување меѓу состојбите заклучено/ отклучено притиснете го копчето односно копчето ››› **слика 4** на клучот за далечинско управување.

Ако се отвори задната врата или истата не се затвори правилно, тоа се прикажува на дисплејот на инструментната табла.* Ако при достигнување на брзина од 6 km/h (4 mph) се отвори задната врата, дополнително се огласува предупредувачки сигнал*.

- Отворање на задната врата: Лесно притиснете ја рачката ››› **слика 8**. Се отвора самостојно.
- Затворање на задната врата: Фатете ја задната врата на една од двете рачки во внатрешната облога и затворете ја со лесен замав.

››› ⚠ **во Отворање и затворање**

SOS ››› **страна 17**

Вонредно отклучување на задната врата



Слика 9 **Вонредно отклучување на задната врата**

Го овозможува отворањето во случај на дефект на централната брава (на пр. ако е испразнет акумулаторот).

Во облогата на багажниот простор се наоѓа процеп, низ кој е достапен механизмот за вонредно отклучување.

Отворање на задната врата од багажниот простор

- Металниот дел од клучот ставете го во процепот и отклучете го системот за заклучување, така што клучот ќе го придвижите од десно кон лево во насока на стрелката ››› **слика 9**

Видео за темата

Слика 10 **Капак од просторот на моторот**

Капак од просторот на моторот



Слика 11 Рачка за отклучување во просторот за нозе на возачот.



Слика 12 Рачка под капакот од просторот на моторот.

Отворање на капакот од просторот на моторот

Капакот од просторот на моторот се отклучува однатре.

Пред отворањето на капакот од просторот на моторот бидете сигурни дека рачките на бришачите лежат на предното стакло.

- Отворете ја вратата и повлечете за рачката под инструментната табла ››› **слика 11** (1).
- За да се отвори капакот од просторот на моторот, притиснете ја рачката под капакот од просторот на моторот во средината налево ››› **Слика 12** (2). Куките се отклучуваат.
- Фиксирајте ја шипката за држење и поставете ја во предвиденото лежиште во капакот од просторот за мотор.

Затворање на капакот од просторот на моторот

- Лесно подигнете го капакот од просторот на моторот.
- Откачете ја шипката за држење и фиксирајте ја во држачот.
- Оставете ја да падне од висина од околу 30 cm во забравувањето за да се фиксира.

Ако капакот од просторот на моторот не е правилно заклучен, не притискајте дополнително. Отворете го одново и оставете го да падне како што е опишано.

››› ⚠ **во напомените за безбедност за работење во просторот на моторот**

Копчиња за ракување со електричните прозорци



Слика 13 Исечок од вратата на возачот: Копчиња за ракување со електричните прозорци

- Отворање прозорци: Копчето притиснете го.
- Затворање прозорци: Копчето повлечете го.

Копчиња во вратата на возачот

(1) Прозорци во левата предна врата
(2) Прозорци во десната предна врата
(3) Прозорци во левата задна врата
(4) Прозорци во десната задна врата
(5) Сигурносни прекинувачи за деактивирање на копчињата за отворање на прозорците на задните врати

››› ⚠ во Отворање и затворање на електричните прозорци

Пред возењето

Видео за темата

Слика 14 Внатрешност на возилото

Рачно поставување на предните седишта



Слика 15 Предни седишта: Рачно поставување на седиштата.

① Нанапред/наназад: Повлечете ја рачката и поместете го седиштето.

② Подигнување/спуштање: Повлечете ја/притиснете ја рачката.

③ Наслон поисправен/понакосен: Завртете го вртливото копче.

››› ⚠ поставете во предните седишта

Поставување на потпирачот за глава



Слика 16 Предно седиште: Поставување на потпирач за глава.

• За да се постави висината на потпирачот за глава, притиснете на страничното копче ① и турнете го нагоре или надолу додека не се фиксира во саканата позиција.

››› ⚠ во поставувањето на предните потпирачи за глава

Поставување на сигурносниот појас



Слика 17 Јазичето на сигурносниот појас ставете го во бравата на појасот и откачете го од бравата на појасот.



Слика 18 Правилно движење на лентата на појасот и правилно поставување на потпирачот за глава гледано од напред и од страна

За прилагодување на сигурносниот појас во пределот на рамената, регулирајте го поставувањето на висината на седиштата.

Делот на појасот за рамената мора да се движи преку средината на рамената, а никогаш преку вратот. Сигурносниот појас мора рамно и цврсто да е поставен на горниот дел од телото.

Делот од сигурносниот појас за карлица мора да се движи пред карлицата, а никогаш преку стомакот. Сигурносниот појас мора рамно и цврсто да е поставен на карлицата.

Затегнувач за појас

При незгода, сигурносните појаси на предните седишта автоматски се затегнуваат.

Затегнувачот за појас може да се активира само еднаш.

››› ⚠ **во Сервис и исфрлање на затегнувачите на појаси**

Поставување надворешни ретровизори



Слика 19 Исечок од вратата на возачот: Ракување со надворешните ретровизори.

Поставување надворешни ретровизори: Завртете го вртливото копче во соодветната позиција:

L/R Во саканата позиција со вртливото копче можете да ги поставувате надворешните ретровизори на страната на возачот (L, лево) и настраната на совозачот (R, десно) во саканата насока.

Склопување ретровизори.

››› ⚠ во Електрични надворешни ретровизори*

Поставување позиција на управувачот



Слика 20 Рачка на долната лева страна на управувачкиот столб.

• Поставување позиција на управувачот:

Повлечете ја рачката ››› **слика 20** **1** надолу, доведете го управувачот во саканата позиција и турнете ја рачката повторно нагоре, додека не ја постигне позицијата на блокирање.

››› ⚠ во Поставување позиција на управувачот

Воздушни перничиња

Видео за темата

BKJ-0259

Слика 21 Внатрешност на возилото

Предни воздушни перничиња



Слика 22 Место на вградување на воздушното перниче за возачот: во управувачот. »



Слика 23 Воздушно перниче за совозач во инструментната табла

Предното воздушно перниче за возачот се наоѓа во управувачот ›››**слика 22** и воздушното перниче за совозачот во инструментната табла ››› **слика 23**. Местото на вградување е означено со зборот „AIRBAG“.

Капаците на воздушните перничиња се отвораат и остануваат при активирањето на воздушното перниче за возачот и совозачот прицврстени на управувачот односно на инструментната табла ››› **слика 22**, ››› **слика 23**.

Системот за предни воздушни перничиња дополнително кон сигурносните појаси нуди заштита и за главата и градниот кош на возачот и совозачот при фронтален судир со поголема тежина на незгодата.

Посебната конструкција на воздушната вреќа го дозволува контролираното излегување на гасовите, штом патникот ќе изврши притисок врз воздушната вреќа. На тој начин се заштитуваат главата и градниот кош при нурнувањето во воздушното перниче. По незгода воздушната вреќа се празни до таа мера, што видливоста кон напред е повторно овозможена.

Исклучување на предното воздушно перниче за совозачот*

Слика 24 Прекинувач за воздушното перниче за совозачот.



Слика 25 Средишен дел на инструментната табла: Контролна сијаличка за исклучено предно воздушно перниче за совозач.

За исклучување на предното воздушно перниче за совозачот:

- Исклучете го палењето.
- Отворете ја вратата на страната на совозачот.
- Металниот дел од клучот ставете го во процепот предвиден за исклучување на воздушното перниче за совозачот ››› **слика 24**. Притоа клучот треба да се вметне околу 3/4 од неговата должина до крај.
- Внимателно завртете го клучот на позицијата **OFF**. При потешкотии осигурете се дека клучот е ставен до крај.
- Затворете ја вратата на совозачот.
- Проверете дали при вклучено палење свети контролната сијаличка **OFF** во натписот **PASSENGER AIRBAG OFF** во средишниот дел на инструментната табла ››› **слика 25**.

››› во Исклучување и вклучувањена предното воздушно перниче за совозачот*

Странични воздушни перничиња*



Слика 26 Странично воздушно перниче во седиштето на возачот



Слика 27 Целосно надувано странично воздушно перниче на левата страна од возилото.

Страничните воздушни перничиња се наоѓаат во облогите на грбните потпирачи на седиштето на возачот ››› **слика 26** и седиштето на совозачот. Местата на монтирање се означени со натписот „AIRBAG“ во горниот дел на грбните потпирачи.

Системот на странични воздушни перничиња дополнително кон сигурносните појаси нуди и заштита на горниот дел од телото при страничен судир со голема тежина на незгодата.

Во случај на странични судири, страничните воздушни перничиња го намалуваат ризикот од повреда на деловите од телото кои се директно погодени од ударот. Освен нормалната заштита на појасите на совозачкото седиште и на задните странични седишта, тие исто така ги држат патниците кога доаѓа до страничен судир; овие воздушни перничиња на тој начин го развиваат својот максимален ефект на заштита.

Воздушни перничиња за глава*



Слика 28 Место на вградување и поле на отворање на воздушните перничиња за глава.

На секоја страна од внатрешноста на возилото се наоѓа воздушно перниче за глава ››› **слика 28**. Местото на вградување е означено со натписот „AIRBAG“. Областа врамена со црвена боја се регистрира од активираното воздушно перниче за глава (поле на отворање) ››› **слика 28**. Поради тоа, во оваа област не смее никогаш да се остават или прицврстуваат предмети.

При страничен судир, воздушното перниче за глава се активира на страната на незгодата на возилото.

Воздушните перничиња за глава при страничен судир ја намалуваат опасноста од повреда на патниците на предните седишта и на задните странични седишта во деловите од телото кои се изложени на ударот. »

Детски седишта

Видео за темата

Слика 29 Внатрешност на возилото

Важни напомени за предното воздушно перниче за совозачот



Слика 30 Лепенка за воздушно перниче - верзија 1: на штитникот за сонце на совозачот и на задната рамка на вратата на совозачот .

Слика 31 Лепенка за воздушно перниче - верзија 2: на штитникот за сонце на совозачот и на задната рамка на вратата на совозачот .

На штитникот од сонце и/или на задната рамка на вратата на страната на совозачот има лепенка со важни информации за воздушното перниче за совозачот.

››› ⚠ во Важни напомени за предното воздушно перниче за совозачот

Прицврстување на детското седиште



Слика 32 На задните седишта: можно вградување на детски седишта.

Слика ››› **слика 32** Ⓐ го прикажува општото прицврстување на системот за прицврстување деца на долните окца за прицврстување и со горниот појас за прицврстување. Слика ››› **слика 32** Ⓑ го прикажува прицврстувањето на системот за прицврстување детски седишта со сигурносниот појас на возилото.

Детските седишта од типот **universal** смеат да се прицврстуваат со сигурносниот појас на седиштата кои се означени во табелата со **U** .

• ***Совозачко седиште без поставување на висината***: Совозачкото седиште треба да се помести сосема кон назад[1].

• ***Совозачко седиште со поставување на висината***: Совозачкото седиште треба да се помести сосема кон назад и да се постави што е можно повисоко[1].

За правилното користење на детско седиште монтирано во спротивен правец од насоката на возење, грбните потпирачи на предните седишта мора да се постават на тој начин што нема да дојдат во допир со детското седиште. Кај системите за прицврстување со детското седиште насочено кон насоката на возење, грбниот потпирач на предното седиште мора да е поставен на тој начин, што ќе има доволно слободен простор за нозете на детето.

За да може детското седиште да се прицврсти на совозачкото седиште во соодветна форма со појасот за прицврстување.

поставете го потпирачот засовозачкото седиште во исправена позиција[1].

При користењето на детско седиште од типот полу- универзални, кое се прицврстува со помош на сигурносен појас и ногарка во возилото, истото не смее да се монтира на задното седиште бидејќи растојанието од подлогата е помало отколку кај другите седишта, така што поради ногарката на детското седиште нема доволна стабилност.

Системите го содржат прицврстувањето на системот за прицврстување детско седиште со горен појас за прицврстување (Top Tether) и

долните точки за прицврстување. »

[1] Треба да се почитуваат конкретните закони на земјата, како и прописите од производителот за употреба и монтирање на детски седишта.

Група на тежина	Седиште			
	Седиште на совозачот[a)]		Странично задно седиште	Средишно задно седиште[b)]
	вклучено воздушно перниче	исклучено воздушно перниче		
Група 0 до 10 kg	X	U[c)]	U	U
Група 0+ до 13 kg	X	U[c)]	U	U
Група I 9 до 18 kg	X	U[c)]	U	U
Група II 15 до 25 kg	X	UF[c)]	UF	UF
Група III 22 до 36 kg	X	UF[c)]	UF	UF

X: Во оваа конфигурација не е соодветно за монтирање на детски седишта.
U: Соодветно за универзални системи за прицврстување за користење во оваа група на тежина.
UF: Прифатливо за универзални системи за прицврстување на детски седишта со поглед напред, кои се одобрени за оваа група на тежина.

[a)] Треба да се почитуваат конкретните закони на земјата, како и прописите од производителот за употреба и монтирање на детски седишта.

[b)] Полу-универзалните детски седишта, кај кои прицврстувањето се врши со сигурносниот појас на автомобилот и потпората, не треба да се користат на средишното место на задната клупа за седење.

[c)] Седиштата **без** регулирање на висината на седиштето треба да се турнат целосно наназад. Седиштата **со** регулирање на висината на седиштето треба да се турнат целосно наназад и нагоре.

››› ⚠ во безбедносните напомени

Прицврстување на системот за детски седишта ISOFIX/iSize и Top Tether*

Слика 33 ISOFIX-окца за прицврстување/iSize.

Слика 34 Положба на Top Tether окцата во задниот дел на задното седиште

Детските седишта може да се прицврстат брзо, едноставно и безбедно со „ISOFIX“ и Top Tether* систем на надворешните задни седишта.

Две „ISOFIX“ окца за прицврстување се предвидени на двете надворешни задни седишта. Кај одредени возила окцата за прицврстување се прицврстени на рамката на седиштето, кај други на подот за товарање. „ISOFIX“ окцата за прицврстување се помеѓу потпирачот на задното седиште и задната клупа за седење ››› **Слика 33**. Top Tether* окцата за прицврстување се наоѓаат во задниот дел на потпирачите на задното седиште (зад потпирачите на задните седишта или во делот на багажниот простор) ››› **Слика 34**.

За компатибилност на ISOFIX системите во возилото погледнете ја следната табела.

Дозволената телесна тежина или информации во врска со големината **A** до **F** ќе најдете на налепницата на тестиран тип на детско седиште „**universal**“ или „**semiuniversal**“.

Група на тежина	Класа на големина	Уред	Isofix позиции во возилото			
			Совозачко седиште		Странично задно седиште	Средишно задно седиште
			вклучено воздушно перниче	исклучено воздушно перниче		
Транспортер	F	ISO/L1	X	X	X	X
	G	ISO/L2	X	X	X	X
Група 0 до 10 kg	E	ISO/R1	X	X	IL	X

Група на тежина	Класа на големина	Уред	Isofix позиции во возилото			
			Совозачко седиште		Странично задно седиште	Средишно задно седиште
			вклучено воздушно перниче	исклучено воздушно перниче		
Група 0+ до 13 kg	E	ISO/R1	X	X	IL	X
	D	ISO/R2	X	X	IL	X
	C	ISO/R3	X	X	IL	X
Група I 9 до 18 kg	D	ISO/R2	X	X	IL	X
	C	ISO/R3	X	X	IL	X
	B	ISO/F2	X	X	IUF/IL	X
	B1	ISO/F2X	X	X	IUF/IL	X
	A	ISO/F3	X	X	IUF/IL	X
Група II 15 до 25 kg	---	---			---	---
Група III 22 до 36 kg	---	---			---	---

IUF: Соодветно за универзални ISOFIX системи за прицврстување детски седишта насочени нанапред во оваа група на тежина.
IL: Соодветно за одредени системи за прицврстување детски седишта (KRS) ISOFIX од категоријата на посебно возило, ограничено или полу-универзално. Обрнете внимание на листата на возила на производителот на детското седиште.
X: ISOFIX позицијата не е соодветна за ISOFIX системи за прицврстување детски седишта од оваа група на тежина или класа на големина.

››› ⚠ во безбедносните напомени

Прицврстување на детско седиште со системот „ISOFIX/iSize“

Слика 35 ISOFIX окца за прицврстување/iSize.



Слика 36 Задно седиште: втиснати процепи.

Задолжително обрнете внимание на упатството за ракување од производителот на седиштето.

- Прво рачно отворете го втиснатиот дел зад означените процепи за да стигнете до окцата за прицврстување ››› **Слика 36**.
- Детското седиште ставајте го на „ISO FIX/iSize“ окцата за прицврстување, додека детското седиште звучно се прицврсти. Доколку детското седиште располага со Top Tether* прицврстување, прицврстете го на соодветното окце ››› **Слика 38**.

Следете ги спецификациите од производителот.

- На двете страни на детското седиште извршете проба со влечење за да го проверите правилното прицврстување.

Детските седишта со системот за прицврстување „ISOFIX“ и Top Tether* може да се набават во продажните места на SEAT.

	iSize позиции во возилото.			
	Совозачко седиште		Странично задно седиште	Средишно задно седиште
	вклучено воздушно перниче	исклучено воздушно перниче		
Систем за прицврстување детски седишта одобрен согласно ECE R129	X	X	i-U	X

i-U: Позицијата е валидна за системи за прицврстување детски седишта, кои согласно ECE R129 се одобрени за насочување во насоката на возење и спротивно од насоката на возење. X: Позицијата не е валидна за системи за прицврстување детски седишта, кои се одобрени согласно ECE R129.

Прицврстување на детско седиште со држачи Top Tether*



Слика 37 Појас за прицврстување: Поставување и монтирање според Top Tether појасот.



Слика 38 Задна страна на задната клупа за седење: Окца за прицврстување за Top Tether појасот за прицврстување.

Детските седишта со Top Tether систем се опремени со појас за прицврстување на истото на точката за прицврстување на возилото, која се наоѓа во задниот дел на грбниот потпирач на задното седиште и нудат подобро прицврстување.

Целта на овој појас се состои во намалување на движењето на детското седиште нанапред во случај на судир, како и намалување на опасноста од повреди на главата преку удирање со внатрешниот простор на возилото.

Употреба на Top Tether системот кај детски седишта монтирани спротивно од насоката на возење

Во моментот има само малку детски седишта, кои се монтирани спротивно од насоката на возење и кои го користат Top Tether системот. Ве молиме прочитајте ги и почитувајте ги упатствата на производителот на детското седиште за да се запознаете со соодветното прицврстување на Top Tether појасот.

Прицврстување појас за прицврстување

- Оптегнете го Top-Tether појасот за прицврстување на детското седиште согласно упатствата на производителот на детското седиште.
- Појасот провлечете го под потпирачот за глава на задното седиште ››› **Слика 37** (зависно од упатствата за употреба на детското седиште во даден случај подигнете го или отстранете го потрпирачот за глава).
- Извлечете го појасот за прицврстување и правилно прицврстете го на прицврстувањето на задната страна на грбниот потпирач ››› **Слика 38**.
- Појасот за прицврстување прицврстете го согласно упатствата на производителот.

Разлабавете го појасот за прицврстување

- Појасот за прицврстување разлабавете го согласно упатствата на производителот.
- Притиснете на бравата и појасот за прицврстување извадете го од точката за прицврстување.

››› ⚠ во безбедносните напомени

Стартување на возилото

Контакт-брава



Слика 39 Позиции на контакт-клучот

Вклучете го палењето: Ставете го клучот во контакт-бравата и стартувајте го моторот.

Блокирање и разлабавување на управувачот

- Блокирање на управувачот: Извлечете го контакт-клучот и вртете го управувачот додека не се блокира. Кај возила со автоматски менувач клучот за возилото може да се извлече од контакт-бравата, само доколку рачката на менувачот се наоѓа во позиција **P** . Во даден случај притиснете го копчето за блокирање на рачката на менувачот и повторно пуштете го.
- Разлабавување на управувачот: Контакт-клучот ставете го во бравата и завртете го клучот истовремено со управувачот во насока на стрелката. Ако управувачот не може да се заврти можно е да е поставена блокадата на управувачот.

Вклучување/исклучување на палењето, предзагревање

- Вклучете го палењето: Контакт-клучот завртете го во позиција (2).
- Исклучете го палењето: Контакт-клучот завртете го во позиција (1).
- Дизел возила : При вклучено палење возилото се предзагрева.

Стартување на моторот

- Рачен менувач: Целосно притиснете го педалот за куплунг и рачката на менувачот доведете ја по позиција на слободен од.
- Автоматски менувач: Притиснете го педалот за сопирање и рачката на менувачот доведете ја во позиција **P** или во **N**.
- Контакт-клучот завртете го во позиција (3). Контакт-клучот автоматски се враќа назад во позиција (2). Притоа не додавајте гас.

Start-Stop систем*

Кај возила во мирување и непритиснат педал за сопирање Start-Stop системот* автоматски го исклучува моторот. Палењето останува вклучено.

››› во позиции на контактклучот

Светло и видливост

Видео за темата

Слика 40
Светло и видливост

Прекинувач за светло



Слика 41 Инструмент-табла: Контролен елемент за светло

• Прекинувачот за светло завртете го на саканата позиција ››› **Слика 41**.

Симбол	Исклучено палење	Вклучено палење
0	Исклучени светла за магла, соборено и позиционо светло.	Исклучено светло или вклучено светло за дневно возење.
AUTO	Осветлувањето на околината „Coming home“ и „Leaving home“ може да се вклучи.	Автоматско управување на соборено светло и светлото за дневно возење.
	Вклучено позиционо светло.	Вклучено светло за дневно возење.

Симбол	Исклучено палење	Вклучено палење
	Исклучено соборено светло	Вклучено соборено светло.

Фарови за магла: Прекинувачот за светло извлечете го од позициите **AUTO**, или во првото прицврстување.

Задно светло за магла: Прекинувачот за светло целосно извлечете го од позициите **AUTO**, или .

Исклучување на светлата за магла: Притиснете на прекинувачот за светло или завртете го во позиција **0** .

Рачка за трепкачи и долго светло



Слика 42 Рачка за трепкачи и долго светло.

Рачката придвижете ја во саканата позиција:

1. Десен трепкач: Светло за паркирање десно (исклучено палење).
2. Лев трепкач: Светло за паркирање лево (исклучено палење).
3. Вклучено долго светло: Контролната сијаличка свети на инструмент-таблата.
4. Светлосен сигнал: Свети при притиснатата рачка. Контролната сијаличка свети.

За исклучување рачката доведете ја во основната позиција.

››› во Рачка за трепкачи и долго светло

Уред на предупредувачки трепкачи

Слика 43 Инструмент-табла: Прекинувач за уредот на предупредувачки трепкачи

Вклучете, доколку на пример:

- Достигнувате крај на метеж,
- Имате итен случај,
- Вашето возило не работи поради технички дефект,
- Влечете друго возило или се влече Вашето возило

››› ⚠ во Уред на предупредувачки трепкачи

Внатрешно осветлување



Слика 44 Исечок од внатрешниот дел на покривот: Внатрешно осветлување напред.

Копче	Функција
	Вклучување и исклучување на внатрешните светла
	Вклучување или исклучување на контакт-прекинувачот за врата. Внатрешните светла автоматски се вклучуваат при отклучување на возилото, отворање на врата или извлекување на контакт-клучот. Светлото се гасне неколку секунди по затворање на сите врати, при заклучување на возилото или вклучување на палењето.
/	Вклучување и исклучување на светлата за читање.

Прекинувачите за светло може да варираат зависно од изведбата на возилото.

Бришачи за стакло и бришач за задно стакло



Слика 45 Ракување на бришачот за ветробранското стакло и бришачот за задното стакло

Рачката придвижете ја во саканата позиција:		
0	OFF	Исклучен бришач за стакло.
1	..ıl	Интервали за бришење за бришачите за стакло. Со прекинувачот ››› Слика 45 Ⓐ Поставете ги нивоата на интервали (возила без сензор за дожд) или чувствителноста на сензорот за дожд.
2	LOW	Бавно бришење.
3	HIGH	Брзо бришење.

»

Рачката придвижете ја во саканата позиција:		
④	X	Еднократно бришење. Кратко притискање, кратко бришење.
⑤		Автоматски уред за бришење/миење. Со рачката во предна позиција се вклучува уредот за миење на ветробранското стакло. Истовремено се активираат бришачите за стакла.
⑥		Интервали на бришење за задното стакло. Бришачот на задното стакло брише во интервали од околу 6 секунди.

Рачката придвижете ја во саканата позиција:		
⑦		Со притискање на рачката се вклучува уредот за миење на задното стакло. Истовремено се активира бришачот за задното стакло.

››› во бришач за предно и задно стакло

Easy Connect

Поставувања на менито Возило



Слика 46 Easy Connect: Главно мени.

Слика 47 Easy Connect: Мени CAR

Бројот на достапни менија и ознаките на различните опции зависат од електрониката и опремата на возилото.

- Вклучете го палењето.

• Доколку е вклучено, поврзете го Infotainment системот.

• Притиснете на Infotainment копчето MENU/ и потоа на функциската површина **Возило ››› Слика 46**, **или притиснете** на Infotainment копчето CAR / за да го отворите менито **Возило ››› Слика 47**.

• Притиснете на функциската површина **SETUP**, за да стигнете до менито **Поставувања на возилото** .

• Доколку се отвори менито, притиснете го копчето на саканата функција.

Доколку е означено полето за проверка на функциското копче ☑, функцијата е активна.

При притискање на копчето од менито ⮌ автоматски се повикува последно активираното мени.

Измените извршени во менито за поставување по затворање на менито автоматски се зачувуваат. »

Мени	Подмени	Можно поставување	
ESC систем	–	Активирање на електронската контрола на стабилизирање (ESC)	
Гуми	Контрола на притисок во гуми	Зачувување на вредностите на притисокот во гумите (калибрирање)	
	Зимски гуми	Активирање и деактивирање на предупредувањето за брзината Поставување на брзината за предупредувањето за брзината	
Светло	Систем за помош при осветлување	Функција на автопат, време на вклучување, автоматско светло при дожд, комфорни трепкачи.	
	Осветлување на внатрешниот простор	Јачина на осветлувањето на инструментите и прекинувачите	
	Функција „Coming/Leaving Home“	Времетраење на функциите „Coming home“ и „Leaving home“	
Систем за помош на возачот	ACC (Adaptive Cruise Control)	Активирање/деактивирање: претходно поставено безбедносно растојание, возни режими.	
	Front Assist (системи кои го помагаат сопирањето)	Активирање/деактивирање на Front Assist, првичното предупредување, приказот на предупредувањето за растојание	
	Препознавање на умор	Активирање / деактивирање	
Паркирање и маневрирање	Поставувања за паркирање и маневрирање	Автоматско активирање, јачина на звук напред, острина на тон напред, јачина на звук назад, острина на тон назад	
Амбиентално осветлување	–	Амбиентално осветлување, исклучување, боја	
Ретровизор за гледање наназад и бришачи за стакло	Ретровизори	Вклучување/исклучување Склопување по паркирање	
	Бришачи на стакло	Вклучување/исклучување на автоматскиот уред за миење/бришење при дожд, автоматско бришење при поставување на степен за возење наназад	
Отворање и затворање	Прекинувач за електрично регулирање прозорци	Комфорно отворање, сите, само возач	
	Централна брава	Отклучување на вратите, автоматско заклучување при возење, надзор на внатрешниот простор	

Мени	Подмени	Можно поставување	
Инструментна табла	–	Моментална потрошувачка, просечна потрошувачка, комфорни уреди, совети за штедење, времетраење на возењето, изминат пат, просечна брзина, дигитален приказ на брзина, предупредување за брзината, температура на масло, ресетирање податоци „од старт“, ресетирање податоци „долгорочно“	
Датум и време	–	Извор на време, час, временска зона, формат на време, датум, формат на датум	
Единици	–	Растојание, брзина, температура, зафатнина, потрошувачка на гориво, притисок	
Сервис	–	Идентификациски број на возилото, датум на следниот SEAT сервис, датум на следниот сервис за замена на масло	
Фабрички поставувања	сите	Ресетирање на сите поставувања	
	Индивидуално	Светла, систем за помош на возачот, паркирање и маневрирање, ресетирање на фабричките поставувања	

⚠ ВНИМАНИЕ

Доколку на возачот му се одвлече вниманието, може да се предизвикаат незгоди и повреди. Ракувањето на системот Easy Connect може да се го одврати вниманието од сообраќајот.

Контролни сијалички

Предупредувачки и контролни сијалички

Слика 48 Видео на тема: Табла

Црвени предупредувачки и контролни сијалички

	Средишни предупредувачки сијалички: Дополнителни информации на екранот на инструментната табла.
	Активирана електрична паркинг-сопирачка.
	Дефект на уредот за сопирање.
	Дефект на управувањето.
	Непоставен сигурносен појас на возачот односно совозачот.
	Активиран педал за сопирање.

Жолти предупредувачки и контролни сијалички

	Средишни предупредувачки сијалички: Дополнителни информации на екранот на инструментната табла.
	Истрошени предни гуртни на сопирачки.
	Дефект во ESC или од исклучување иницирано од системот; **ИЛИ** ESC или ASR активни.
TC	Дефект во ESC или од исклучување иницирано од системот; **ИЛИ** ASR активен.
OFF	ASR рачно исклучен; **ИЛИ** ESC во спортски режим.
ABS	Дефект на ABS.
	Вклучено задно светло за магла.
	Дефект во системот за контрола на издувни гасови.
	Дизел моторот се предзагрева; **ИЛИ** Дефект на управувањето на дизел моторот.
EPC	Дефект во управувањето со Ото моторот.
	Ресетиран запушен филтер за честички.
	Дефект на управувањето.
	Приказ за контрола на гуми.
	Резервоарот за гориво скоро е празен.
	Дефект на системот на воздушни перничиња и затегнувачи на појаси.
OFF	Предното воздушно перниче за совозачот е исклучено.
ON	Предното воздушно перниче за совозачот е вклучено.
	Дефект во осветлувањето на возилото.
	Ниво на моторно масло.
	Дефект на менувачот.

Дополнителни контролни сијалички

	Уредот на трепкачи или уредот на предупредувачко светло е вклучен.
1	Уред на трепкачи на приколка.
	Притиснат педал за сопирање.
	Уред за регулирање на брзината (GRA) ››› страна 265; **ИЛИ**Ограничувач на брзината››› страна 266; **ИЛИ** автоматско регулирање на растојанието (ACC).
CNG	Погон на природен гас.
	Вклучено долго светло или активиран светлосен сигнал.
	Отворени односно неправилно затворени врата(и), задна врата или капак од просторот на моторот.
	Средство за ладење на моторот.
	Притисок на моторно масло.

	Дефект на акумулаторот.
SAFE	Активен имобилизатор.
	Приказ на сервисни интервали.
	Вклучен мобилен телефон преку Bluetooth®.
	Ниво на наполнетост на батеријата на мобилниот телефон.

	Опасност од замрзнување.
Ⓐ	Вклучен Start-Stop систем.
	Start-Stop системот не е достапен.
eco	Статус на степен на штедење гориво.

››› ⚠ во Предупредувачки симболи

Уред за регулирање на брзината

Ракување на уредот за регулирање на брзината (GRA)*

Слика 49 Видео на тема: Табла



Слика 50 Лево на управувачкиот столб: А Прекинувач и копчиња за ракување на уредот за регулирање на брзината; В трета рачка за ракување на уредот за регулирање на брзината. »

Функција	Позиции на рачката за трепкачи ››› Слика 50 или на третата рачка ››› Слика 50	Ефект
Вклучување на уредот за регулирање на брзината	Прекинувачот (1) доведете го во позицијата **ON** на рачката за трепкачи или третата рачка придвижете ја нанапред.	Системот се вклучува. Се зачувува брзината која последно поставена во уредот за регулирање на брзината. Не се врши регулирање.
Активирање на уредот за регулирање на брзината	Притиснете го копчето (2) на рачката за трепкачи или копчето **SET** (3) на третата рачка.	Се зачувува актуелната брзина и се активира уредот за регулирање на брзината.
Привремено исклучување на уредот за регулирање на брзината	Прекинувачот (1) на рачката за трепкачи доведете го во позицијата **CANCEL** или притиснете ја третата рачка во позицијата **CANCEL**.	Регулирањето привремено се деактивира. Брзината останува зачувана.
Повторно активирање на уредот за регулирање на брзината	Притиснете го копчето (2) на рачката за трепкачи или притиснете ја третата рачка во позицијата **RESUME**.	Зачуваната брзина повторно се регулира.
Зголемување на зачуваната брзина	Кратко притиснете го копчето (2) на рачката за трепкачи во делот **RES/+** или притиснете на третата рачка **SET** (3) за постепено да ја зголемувате брзината за 1 km/h (1 mph) и да ја зачувате.	Брзината на возење се менува во поставената вредност.
	Притиснете на третата рачка **SPEED+** за постепено да ја зголемувате брзината за 10 km/h (5 mph) и да ја зачувате.	
	Задржете го притиснато копчето (2) на рачката за трепкачи во делот **RES/+** или задржете го притиснато **SPEED+** за континуирано да ја зголемувате брзината во чекори од 10 km/h (5 mph) и да ја зачувате.	
Намалување на зачуваната брзина	Кратко притиснете го копчето (2) на рачката за трепкачи во делот **SET/-** или третата рачка доведете ја во позицијата **RESUME** за постепено да ја намалувате брзината за 1 km/h (1 mph) и да ја зачувате.	Брзината на возење се менува во поставената вредност.
	Притиснете на третата рачка **SPEED-** за постепено за да ја намалувате брзината за 10 km/h (5 mph) и да ја зачувате.	
	Задржете го притиснато копчето (2) на рачката за трепкачи во делот **SET/-** или задржете го притиснато **SPEED-** за континуирано да ја намалувате брзината во чекори од10 km/h (5 mph) и да ја зачувате.	
Исклучување на уредот за регулирање на брзината	Прекинувачот (1) на рачката за трепкачи поставете го во позицијата **OFF** или третата рачка доведете ја во позицијата **OFF**.	Системот се исклучува.

››› во Ракување на системот за регулирање на брзината

Рачка на рачниот менувач

Рачен менувач



Слика 51 Шема на менување степени кај рачен менувач со 5 односно 6 степени

На рачката на рачниот менувач се прикажани позициите на единечните возни степени ››› **Слика 51**.

- Целосно притиснете го педалот за куплунг и задржете го.
- Рачката на рачниот менувач придвижете ја во саканата позиција.
- Отпуштете го педалот за куплунг.

Поставете степен за возење наназад

- Целосно притиснете го педалот за куплунг и задржете го.
- Рачката на рачниот менувач поставете ја во слободен од и притиснете ја надолу, целосно налево и потоа турнете ја нанапред за да поставите степен за возење наназад ››› **Слика 51** **R**.
- Отпуштете го педалот за куплунг.

››› во Возење со рачен менувач

Автоматски менувач*



Слика 52 Автоматски менувач: Фабрички поставувања.

P Паркинг-сопирачка

R Степен за возење наназад

N Неутрална позиција (слободен од)

D/S Трајна позиција за возење нанапред

+/– Tiptronic режим: Рачката на автоматскиот менувач повлечете ја нанапред (**+**) за да префрлите во повисок степен или наназад (**–**) за да префрлите во понизок степен.

››› во Поставувања на рачката на автоматскиот менувач

SOS ››› страна 41

Вонредно отклучување на блокадата на рачката на автоматскиот менувач



Слика 53 Рачка на автоматскиот менувач: Вонредно отклучување од позиција за паркирање »

За дефект на снабдувањето со струја е предвиден уред за вонредно отклучување, кој се наоѓа десно под куќиштето на рачката на автоматскиот менувач. За отклучувањето се потребни стручни вештини.

- Отклучување: Употребете ја рамната страна на одвртувачот.

Вадење на капакот на автоматскиот менувач

- Активирајте ја рачната сопирачка (P) ››› ⚠ за да го обезбедите вашето возило од придвижување.
- Внимателно повлечете ја и рачно завртете ја маншетата на рачката на автоматскиот менувач на аглите нагоре и навлечете ја преку куќиштето на менувачот.

Вонредно отклучување на рачката на автоматскиот менувач

- Притиснете странично со помош на одвртувачот на жолтото копче за отклучување и задржете го притиснато ››› **Слика 53**.
- Притиснете на копчето за блокирање на рачката на автоматскиот менувач и рачката на автоматскиот менувач доведете ја во позиција **N**.
- Маншетата на рачката на автоматскиот менувач повторно прикачете ја во куќиштето на менувачот.

Доколку при дефект на снабдувањето со струја (на пр. при испразнет акумулатор) возилото треба да се подигне или одвлече, рачката на автоматскиот менувач мора да се доведе во позиција **N** со помош на уредот за вонредно отклучување.

⚠ ВНИМАНИЕ

Рачката на автоматскиот менувач смее да се извади од позицијата P само доколку е активирана рачната сопирачка. Доколку тоа не функционира, обезбедете го возилото со педалот за сопирање. На надолнини при вадење на рачката на автоматскиот менувач од позиција P, возилото би можело непредвидено да се придвижи - опасност од незгода!

Климатизирање

Видео за темата

Слика 54 Клима

Како работи Climatronic*?



Слика 55 Во средишната конзола: Контролни елементи на Climatronic.

За да вклучите функција, притиснете го соодветното копче. За исклучување на функцијата уште еднаш притиснете го копчето.

LED во контролните елементи светат за да прикажат дали конкретната функција е активна.

① Температура	Десната и левата страна може да се постават независно една од друга: Завртете го регулаторот за соодветно да ја поставите температурата.
② Вентилатор	Јачината на вентилаторот автоматски се регулира. Притиснете го копчето за рачно да го поставите регулаторот.
③ Распределба на воздух	Струењето на воздухот се поставува автоматски комфорно. Може да се вклучи и рачно преку копчињата ③.
④	Прикази на екранот на поставената температура за левата и десната страна и за нивото на вентилаторот.
MAX Функција за одмрзнување	Доведениот надворешен воздух се насочува кон предното стакло и режимот на затворена циркулација на воздух автоматски се исклучува. За предното стакло да го одмаглите колку што е можно побрзо, при температури над околу +3°C (+38°F) воздухот се одвлажнува и вентилаторот се поставува на оптимално ниво.

»

	Распределба на воздухот на горниот дел од телото преку отворите за воздух во инструментната табла.
	Распределба на воздух во просторот за стапалата.
	Распределба на воздух горе.
	Загревање на задното стакло: Функционира само кога моторот работи и самостојно се исклучува најдоцна по 10 минути.
	Режим на затворена циркулација на воздух
	Копчиња за греење на седишта
A/C	Притиснете го копчето за да го вклучите или исклучите уредот за ладење.
SYNC	Притиснете го копчето SYNC за поставувањата на страната да возачот да важат и за страната на совозачот. Ракувајте со регулаторот за температурата на страната на совозачот за да поставите друга температура.
AUTO	Автоматско регулирање за температурата, вентиларот и распределбата на воздухот.
Исклучување	Притиснете го копчето OFF или рачно поставете го вентилаторот на 0.

››› ⚠ во Општи напомени

Како функционира клима-уредот* и системот за греење и свеж воздух?



Слика 56 На средишната конзола: A - Контролни елементи на рачниот клима-уред; B - Контролни елементи на системот за греење и свеж воздух.

За да вклучите функција, притиснете го соодветното копче. За исклучување на функцијата уште еднаш притиснете го копчето.

LED во контролните елементи светат за да прикажат дали конкретната функција е активна.

① Температура	Завртете го регулаторот за да ја поставите температурата.
② Вентилатор	Ниво 0: Вентилаторот и клима-уредот се рачно исклучени, ниво 4: највисоко ниво на вентилаторот.
③ Распределба на воздух	: Функција за одмрзнување. Распределба на воздух на предното стакло. **Рачен клима-уред:** Режимот на затворена циркулација автоматски се исклучува односно воопшто не се вклучува. Зголемете ја јачината на вентилаторот за предното стакло да се одмагли колку што е можно побрзо. За одвлажнување на воздухот автоматски се вклучува уредот за ладење.
	: Распределба на воздухот на горниот дел од телото преку отворите за воздух во инструментната табла.
	: Распределба на воздухот во просторот за стапалата.
	: Распределба на воздухот за предното стакло и просторот за стапалата.

»

	Загревање на задното стакло: Функционира само кога моторот работи и самостојно се исклучува најдоцна по 10 минути.
	Рачен клима-уред: Режим на затворена циркулација на воздух
A/C	**Рачен клима-уред:** Притиснете го копчето за да го вклучите или исклучите уредот за ладење.
	Рачен клима-уред: Копчиња за греење на седишта

››› ⚠ во Општи напомени

Проверка на нивото на течности

Количини на полнење

Зафатнина на резервоарот за гориво

Бензински и дизел мотори	40 l, од тоа околу 7 l резерва
Мотор на природен гас[a)]	околу 11,6 kg

[a)] Капацитетот зависи од ефикасноста и карактеристиките на уредот за точење природен гас. Наведениот капацитет произлегува од минимален притисок на полнење од 200 бари.

Количина на полнење на резервоарот на вода за миење стакла

Резервоар на вода за миење стакла	околу 3 литри

Гориво



Слика 57 Вратичка на резервоарот со поставен капак на резервоарот.

Вратичката на резервоарот електронски се отвора преку централната брава и се наоѓа на десната задна страна на возилото. Резервоарот собира околу 40 литри.

Отворање на капакот на резервоарот

- Притиснете лево на вратичката на резервоарот за да ја отворите.
- Капакот на резервоарот одвртете го налево.
- Капакот ставете го во отворот, кој се наоѓа во отворената вратичка од резервоарот ››› **Слика 57**.

Затворање на капакот на резервоарот

- Капакот на резервоарот завртете го надесно до крај.
- Затворете го капакот.

››› ⚠ во Точење гориво

Масло



Слика 58 Стапче за мерење масло



Слика 59 Капак на отворот за полнење моторно масло во просторот на моторот

Нивото на масло може да се прочита од стапчето за мерење

масло во просторот на моторот.

Нивото на моторно масло може да се наоѓа во делот Ⓐ и Ⓒ, сепак не над Ⓐ.

- Дел Ⓐ: не дополнувајте масло.

»

• Дел Ⓑ: Можете да дополните масло, нивото на маслото сепак мора да се наоѓа во овој дел.

• Дел Ⓒ: Дополнете масло до делот Ⓑ.

Дополнување масло

• Одвртете го капакот на отворот за полнење моторно масло.

• Полека дополнете масло.

• Повремено контролирајте го нивото на масло за да не дополните премногу масло.

• Ако нивото на масло го достигнало најмалку делот Ⓑ, внимателно навртете го капакот на отворот за полнење.

Адитиви за моторно масло

Не мешајте дополнително средство за подмачкување со моторното масло. Оштетувањата предизвикани од такви адитиви се исклучени од гаранцијата.

Спецификации за моторно масло

Дизел мотори

Вид на мотор	Вид на сервис	Спецификација
Со филтер за дизел честички (DPF)[a)]	Фиксен сервис и флексибилен сервис	VW 507 00

[a)] Користете само препорачани масла. Во спротивно може да настанат оштетувања на моторот.

При пониско ниво на моторно масло

Во вашата стручна работилница можете да се информирате, кое е вистинското масло за вашето возило. Користете го ова масло, доколку мора да се дополни моторно масло.

Ако препорачаното моторно масло не стои на располагање, **во итен случај** до следната промена на масло смее **еднократно** да се употребат најмногу 0,5 литри од следното масло:

Бензински мотори Стандард VW 504 00, VW 502 00, VW 508 00, ACEA C3 или API SN.

Дизел мотори: Стандард VW 507 00, VW 505 01, ACEA C3 или API CK-4.

Маслото заменете го во стручен сервис.

Користењето на моторно масло согласно спецификацијата VW 504 00 наместо VW 508 00 може да ја зголеми потрошувачката и CO_2 издувните гасови.

Castrol EDGE Professional

Препораки од SEAT

SEAT препорачува да користите оригинално масло на SEAT за да се загарантира високиот перформанс на SEAT моторите.

››› ⚠ во Промена на моторно масло

Средство за ладење

Слика 60 Простор на моторот: Капак на резервоарот за изедначување на средството за ладење на моторот

Резервоарот за изедначување на средството за ладење се наоѓа во просторот за моторот.

Кај ладен мотор, дополнете средство за ладење ако нивото на средството за ладење се наоѓа под **MIN**.

Спецификација на средството за ладење

Уредот за ладење на моторот фабрички користи посебно третирана мешавина од вода со најмалку 40% удел на адитив за средството за ладење со виолетова боја **G 13** (TL-VW 774 J). Оваа мешавина нуди заштита од замрзнување до -25°C (-13°F) и ги штити деловите од лесен метал на системот за ладење на моторот од корозија. Покрај тоа спречува бигор и видно ја зголемува точката на вриење на средството за ладење.

За заштита на овој систем за ладење уделот на адитив на средството за ладење секогаш мора да изнесува најмалку 40%, исто и при топло време и доколку не е потребна заштита од замрзнување.

Доколку од климатски причини е потребна поголема заштита, може да се зголеми уделот на средство за ладење но само до 60%, во спротивно би се намалила заштитата од замрзнување и со тоа би се влошило ладењето.

Доколку се дополни течност за ладење, мора да се користи **дестилирана вода** и најмалку 40% адитив на средството за ладење G13 или G12 plus-plus (TL-VW 774 G) (двата во виолетова боја) за да се овозможи оптимална заштита од корозија. Мешавината од G 13 со средството за ладење на моторот G 12 plus (TL VW 774 F), G 12 (црвена боја) или G 11 (синозелена боја) ја влошува заштитата од корозија и треба да се избегнува .

››› ⚠ **во Дополнување средство за ладе ње**

Течност за сопирачки

Слика 61 Простор на моторот: Капак на резервоарот за течност за сопирачки

Резервоарот на течноста за сопирачки се наоѓа во просторот на моторот.

Нивото мора да се наоѓа меѓу ознаките **MIN** и **MAX** . Во случај нивото да се наоѓа под **MIN** побарајте стручен сервис.

››› ⚠ **во Обновување на течност за сопирачки**

Уред за миење стакла



Слика 62 Во просторот на моторот: Капак на резервоарот за течност за миење стакла.

Резервоарот за течноста за миење стакла се наоѓа во просторот на моторот.

За дополнување измешајте чиста вода со средство за миење стакла препорачано од SEAT.

При ниски надворешни температури, измешајте средство за заштита на стакла од замрзнување.

»

››› ⚠ во Проверка на нивото на водата за миење стакла и дополнување

Акумулатор

Акумулаторот се наоѓа во просторот на моторот. Тој не се сервисира. Се проверува во рамките на контролниот сервис.

››› ⚠ во Симболи и предупредувачки напомени за работа со акумулаторот

Вонредни ситуации

Осигурувачи

Место на осигурувачите



Слика 63 На страната на возачот во инструментната табла: Капак на кутијата со осигурувачи.



Слика 64 Во просторот на моторот: Капак на кутијата со осигурувачи.

Отворање и затворање на кутијата со осигурувачи под инструментната табла

- Отворање: Извадете го капакот на кутијата со осигурувачи во насока на стрелката ››› **Слика 63**.
- Затворање: Затворајте го капакот додека не се фиксира.

Отворање на кутијата со осигурувачи во просторот на моторот

- Отворете го капакот од просторот на моторот.
- Притиснете ја рачката за заклучување за да го отклучите капакот на кутијата со осигурувачи ››› **Слика 64**
- Капакот извадете го нагоре.
- За да го монтирате **капакот**, поставете го на кутијата со осигурувачи. Рачката за заклучување туркајте ја надолу, додека звучно не се фиксира.

Ознака на боја на осигурувачите под инструментната табла

Боја	Јачина на струја во ампери
Црна боја	1
Виолетова боја	3
Светло кафеава боја	5
Кафеава боја	7,5
Црвена боја	10
Сина боја	15
Жолта боја	20
Бела боја или прозирна	25
Зелена боја	30
Портокалова боја	40

››› ⚠ во Вовед во темата

Менување прегорени осигурувачи



Слика 65 Приказ на прегорен осигурувач.

»

Подготовки

- Исклучете ги палењето, светлото и сите електрични уреди.
- Отворете ја соодветната кутија со осигурувачи.

Препознавање прегорени осигурувачи

Прегорен осигурувач се препознава по разделените метални ленти ››› **Слика 65**.

- Осветлете го осигурувачот со џебна ламба за да видите дали е прегорен.

Менување осигурувач

- Извлечете го осигурувачот.
- Прегорениот осигурувач заменете го со нов осигурувач со ***иста*** јачина (иста боја и ист отисок) и ***иста*** големина.
- Повторно ставете го капакот односно капакот на кутијата со осигурувачи.

Сијалички

Сијалички со вжарено влакно (12 V)

Напомена: Зависно од опремата на возилото, внатрешното и/или надворешното осветлување може целосно или делумно да се состои од LED сијалички. Светлечките диоди имаат одреден животен век, кој е подолг од оној на возилото. Доколку има дефект на LED светло, заменете го во стручен сервис.

Извор на светло за секоја функција

Халогенски главни фарови	Изведба
Соборено светло	H7 Long Life
Долго светло	H7
Позиционо светло / Светло за дневно возење (DRL)	W21W
Трепкач	PY 21W

Халогенски фарови со LED светло за дневно возење	Изведба
Соборено светло	H7 Long Life
Долго светло	H7
Трепкач	PY 21W
Позиционо светло / Светло за дневно возење (DRL)	LED[a)]

[a)] Доколку има дефект на LED, заменете го во стручен сервис.

Целосни LED главни фарови	Изведба
Не може да се замени сијаличка. Сите функции се преземени од LED. Доколку има дефект на LED, заменете ја во стручен сервис.	

Светла на сијалички со вжарено влакно	Лево	Десно
Стоп-светло	2 x P21WLL	2 x P21WLL
Позиционо светло		
Задно светло за магла	P21 WLL	–
Светло за возење наназад	–	P21 WLL
Трепкач	PY 21W NA LL	PY 21W NA LL

[a)] Табелата се однесува на возило за сообраќај од десна страна. Зависно од изведбата на земјата, позицијата на светлата може да варира.

LED светла [a]	Лево	Десно
Стоп-светло	LED	LED
Позиционо светло	LED	LED
Задно светло за магла	LED	–
Светло за возење наназад	–	P21 WLL
Трепкач	PY 21W NA LL	PY 21W NA LL

[a] Табелата се однесува на возило за сообраќај од десна страна. Зависно од изведбата на земјата, позицијата на светлата може да варира.

Постапување во случај на дефект

Видео за темата

Слика 66 Тркала

Претходни зафати

- Возилото поставете го на хоризонтална површина и на безбедно место, колку што е можно подалеку од сообраќајот.
- Повлечете ја рачната сопирачка.
- Вклучете го уредот на трепкачи.
- ***Рачен менувач:*** Поставете 1. степен.
- ***Автоматски менувач:*** Рачката на автоматскиот менувач поставете ја на **P**.
- При режим со приколка, одвојте ја приколката од вашето возило.
- Подгответе ги алатот од возилото* ››› **страна 54** и резервното тркало.
- очитувајте ги законските одредби на земјите (флуоресцентен елек, предупредувачки триаголник итн.).
- Сите патници нека излезат од возилото и нека стојат надвор од областа на опасност (на пр. зад ограда).

⚠ ВНИМАНИЕ

- **Почитувајте ги наведените чекори и со тоа заштитете се сами и другите учесници во сообраќајот.**
- **Доколку менувате тркало на стрмен коловоз, спротивното тркало блокирајте го со камен или слично за да го обезбедите возилото од придвижување.**

Поправање гума со приборот за дефекти



Слика 67 Општ приказ: Составни делови на приборот за дефекти

Приборот за дефекти се наоѓа во багажниот простор под подот во багажниот простор.

Запушување гуми

- Одврте ги капачето и приклучниот дел на вентилот. Употребете го отстранувачот за вентилот ››› **Слика 67** (1) за одвртување на приклучниот дел на вентилот. Приклучниот дел на вентилот оставете го на чиста подлога.
- Шишето со средството за запушување гуми силно протресете го ››› **Слика 67** (10) .
- Шишето за дополнување навртете го ››› **Слика 67** (3) на шишето со средството за запушување.

»

Фолијата на капачето автоматски ќе се пробие.

• Отстранете ги тапите од цревото за полнење ››› **Слика 67** (3) и отвореният крај целосно ставете го на вентилот на гумата.

• Шишето држете го со дното нагоре и целата содржина од шишето со средството за запушување дополнете ја во гумата.

• Извадете го шишето со средството за запушување од вентилот на гумата.

• Приклучниот дел на вентилот со одвртувачот за вентилот ››› **Слика 67** (1) повторно навртете ги во вентилот на гумата.

Пумпање гуми

• Цревото за пумпање гуми››› **Слика 67** (8) на компресорот за воздух цврсто навртете го на вентилот на гумата.

• Проверете дали завртката на отворот за испуштање на воздух ››› **Слика 67** (6) е навртена.

• Стартувајте го моторот на возилото и оставете да работи.

• Приклучокот ››› **Слика 67** (9) ставете го во 12-волтниот приклучок за напојување на возилото .

• Компресорот за воздух вклучете го со прекинувачот за вклучување и исклучување ››› **Слика 67** (5) .

• Компресорот за воздух нека работи додека да достигне до 2,0 -2,5 bar (29-36 psi / 200-250 kPa). **Максимално време на работење е 8 минути**.

• Исклучете го компресорот за воздух.

• Доколку наведениот притисок на воздух не се достигне, одвртете го цревото за пумпање гуми од вентилот на гумата.

• Придвижете го возилото 10 метри за средството за запушување да може да се распредели во гумата.

• Цревото за пумпање гуми на компресорот за воздух навртете го на вентилот на гумата.

• Повторете ја постапката на пумпање.

• Доколку и сега не се достигне потребниот притисок во гумата, гумата е премногу оштетена. Не возете понатаму и побарајте стручна помош.

• Исклучете го компресорот за воздух. Цревото за пумпање гуми одвртете го од вентилот на гумата.

• Доколку се достигне пристисок во гумите од 2,0-2,5 bar, продолжете со возење со најмногу 80 km/h (50 mph).

• Лепенката ››› **Слика 67** (2) залепете ја на инструментната табла во видното поле на возачот.

• Притисокот во гумите одново проверете го по 10 минути возење.

››› ⚠ **во Приборот за дефекти TMS (Tyre Mobility System)***

Замена на тркало

Видео за темата

BKJ-0260

Слика 68 Тркала

Алат во возилото



Слика 69 Во багажниот простор под подот на багажниот простор: Алат во возилото.

(1) Адаптер за фиксирање на завртката на тркалото*
(2) Окце за влечење.
(3) Клуч за тркала*
(4) Курбла на дигалката за приколка

(5) Дигалка за возило*

(6) Куки за извлекување на заштитните капаци на тркалата*

(7) Клип за капаците на завртките на тркалата.

››› ⚠ во Алат во возилото

Заштитен капак на тркало за челична фелна*



Слика 70 правилно ставање на заштитниот капак на тркалото за челични фелни.

Заштитните капаци за тркала на тркалата мора да се отстранат за да се добие пристап до завртките на тркалата.

Демонтирање

• Жичната кука (алат во возилото ››› **Слика 69** (6)) закачете ја во вдлабнатините на заштитниот капак на тркалото.

• Клучот за тркала вметнете го низ жичениот држач, гумата користете ја како рачка и извлечете го заштитниот капак на тркалото.

Ставање

• Заштитниот капак на тркалото ставете го на фелната. Долната страна со буквата „S“ на амблемот на SEAT мора да соодветствува со вентилот на гумата ››› **Слика 70** (1) .

• Силно притискајте го капакот врз фелната, додека звучно не се фиксира.

Напомена

Во задниот дел на заштитниот капак на тркалото исто така се наоѓа ознака за вентилот на гумата за приказ на правилната насока

Капаци за завртките на тркалата

Слика 71 Тркало: Завртки на тркала со капак.

Вадење

• Туркајте ја пластичната стега (алат во возилото) врз капакот, додека не се фиксира ››› **Слика 71**.

• Извлечете го капакот со пластичната стега.

Завртки на тркала



Слика 72 Замена на тркало: Разлабавете ги завртките на тркалата



Слика 73 Замена на тркало: Вентил на гумата (1) и место на вградување на завртката на тркалото за заштита од кражба (2) или (3).

За разлабавување на заврките на тркалата исклучиво користете го клучот за тркала, кој припаѓа кон возилото.

Разлабавете ги завртките на тркалата со едно вртење, пред возилото да го подигнете со дигалката.

Доколку некоја завртка не може да се разлабави, внимателно со стапалото притиснете на крајот на клучот за тркала. За време на оваа постапка цврсто држете го возилото и внимавајте на безбедна позиција.

Разлабавување на завртките на тркалата

- Клучот за тркала ставете го на завртката на тркалото до крај ››› **Слика 72**.
- Клучот за тркала фатете го на крајот и малку завртете ја завртката ***за едно***вртење спротивно од насоката на стрелките на часовникот ››› ⚠ **во Демонтирање и монтирање на тркало на страна 58**.

Капаците ги штитат завртките на тркалата и по замена на тркало мора повторно да се стават до крај.

Разлабавување на завртката на тркалото за заштита од кражба

- Од алатот во возилото извадете го адаптерот за завртката за заштита од кражба.
- Адаптерот ставете го на завртката на тркалото за заштита од кражба до крај ››› **Слика 73**.
- Клучот за тркала турнете го врз адаптерот до крај.
- Клучот за тркала фатете го на крајот и завртката малку завртете јаза едноврtење спротивно од насоката на стрелките на часовникот ››› ⚠ **во Демонтирање и монтирање на тркало на страна 58**.

Завртката на тркалото за заштита од кражба има друг капак. Капакот одговара само на завртката на тркалото за заштита од кражба и не на вообичаените завртки.

Важни информации за завртките за тркала

Фабрички монтираните фелни и завртки на тркала се усогласени едни со други во поглед на нивната конструкција. Затоа при префрлање на други фелни мора да се користат конкретно соодветните завртки за тркала со точната должина и точната глава. Цврстото држење на тркалата и функцијата на уредот за сопирање зависат од тоа.

Во одредени околности не смеете еднократно да користите завртки за тркала од возила од иста серија.

Кај тркала со заштитни капаци, завртката на тркалото за заштита од кражба мора да се наврти во позициите ››› **Слика 73** (2) или (3), при што вентилот на гумата служи како позиција за референца (1). Во спротивно заштитниот капак на тркалото не може да се монтира.

Подигање на возилото



Слика 74 Точки за подигнување за дигалката.



Слика 75 Ставање на дигалката

• Дигалката* (алат во возилото) поставете ја на цврста подлога. Во даден случај употребете пространа, стабилна подлога. При лизгава подлога (на пр. под со плочки) употребете подлога која не се лизга (на пр. гумена простирка) ››› ⚠.

• На надолжниот носач побарајте ја ознаката на точката за подигнување (вдлабнатина), која се наоѓа најблиску до тркалото ››› **Слика 74**.

• Курблата на приколката која се наоѓа под точката за подигнување на надолжниот носач вртете ја, додека врвот (1) ››› **Слика 75** не се наоѓа под предвидениот влез.

• Дигалката* насочете ја така што нејзиниот врв (1) „ќе достига“ во лежиштето на надолжниот носач кој е предвиден за тоа и подвижната основна плоча (2) рамно ќе лежи на подот. Подната плоча (2) притоа мора да биде хоризонтално под точката за подигнување (1).

• Продолжете со вртење на курблата на дигалката*, додека тркалото малку не се подигне од подот.

⚠ ВНИМАНИЕ

• Осигурете се, дека дигалката* е стабилна. При мазна/мека подлога дигалката* може да се излизга/потоне - опасност од повреди!

• Вашето возило подигајте го само со дигалката* која е фабрички испорачана. Другите дигалки, дури и ако се одобрени за други модели на SEAT би можеле да се излизгаат - опасност од повреди!

• Дигалката* поставувајте ја само на точките за подигнување на надолжниот носач кои се предвидени за тоа и насочете ја. Во спротивно ако нема доволно држење на возилото, дигалката* може да се излизга: Опасност од повреди!

• Поради промени на температурата или промени во оптоварувањето може да се промени висината на изгаснатото возило.

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Возилото не смее да се подигнува на праговите. Дигалката* поставувајте ја само на точките за подигнување на надолжниот носач кои се предвидени за тоа. Во спротивно вашето возило ќе се оштети.

Демонтирање и монтирање тркало

Откако ќе ги разлабавите завртките на тркалата и возилото ќе го подигнете со дигалката, заменете го тркалото.

Демонтирање тркало

• Завртките на тркалата одвртете ги со клучот за завртки на тркала и поставете ги на чиста подлога.

• Извадете го тркалото ››› ❗.

Монтирање тркало

При монтирање на гуми со дирекционален профил обрнете внимание на напомените ››› **страна 58**. »

- Монтирајте го тркалото.
- Завртете ги завртките на тркалото и лесно и цврсто фиксирајте ги со клучот за завртки на тркала.
- Внимателно спуштете го возилото со дигалката*.
- Завртките на тркалото фискирајте ги со клучот за завртки на тркала.

Завртките на тркалата мора да се чисти и лесно проодни. Проверете ги контактните површини на тркалото и главината. Нерамнините на овие површини треба да се отстранат пред монтирањето на тркалото.

Затезен вртежен момент на завртките на тркалото

Пропишаниот затезен вртежен момент на завртките на тркалото кај челични фелни и фелни од лесен метал изнесува**120 Nm**. По замена на тркало веднаш проверете го затезниот вртежен момент со клуч за вртежен момент кој работи без грешки.

Пред повторната проверка на затезниот вртежен момент мора да се обноват кородираните и тешко проодните завртки на тркалото и да се исчистат винтовите на главината на тркалото.

Никогаш не подмачкувајте ги винтовите на главината на тркалото со маст или масло. Иако завртките се затегнати со пропишаниот затезен вртежен момент, можете да ги разлабавите за време на возењето.

⚠ ВНИМАНИЕ

Нестручно затегнатите завртки на тркалото може да се разлабават за време на возењето и да предизвикаат незгоди, тешки повреди и загуба на контролата врз возилото.

- **Користете ги само завртките за тркало кои припаѓаат на конкретката фелна.**
- **Никогаш не користете раазлични завртки за тркало.**
- **Завртките за тркалата и винтовите мора да се чисти, без маст или масло и лесно проодни.**
- **За разлабавување односно затегнување на завртките на тркалата користете го само клучот за тркала кој фабрички е испорачан со возилото.**
- **Завртките на тркалата разлабавете ги малку за едно вртење, пред да го подигнете возилото со дигалката.**
- **Никогаш не подмачкувајте ги завртките на тркалата и винтовите во главината на тркалото со маст или масло. Иако завртките се затегнати со пропишаниот затезен вртежен момент, можете да ги разлабавите за време на возењето.**
- **Никогаш не разлабавувајте ги навртките кај фелни со навртен прстен на фелна.**
- **Ако завртките се затегнати со помал затезен вртежен момент од пропишаниот, завртките и фелните може да се разлабават за време на возењето. Многу зголемениот затезен вртежен момент може да предизвика оштетувања на завртките на тркалата односно на винтовите.**

ⓘ ПРЕТПАЗЛИВОСТ

При демонтирање/монтирање на тркалото може фелната може да се удри од дискот на сопирачката и да се оштети. Затоа постапувајте внимателно и побарајте помош од второ лице.

Гуми со дирекционален профил

Дирекционалниот профил на гума се препознава на стрелките на ѕидовите на гумата, кои се во насоката на движење. При монтирање на тркалата задолжително мора да се задржи дадената насока на движење. Само тогаш целосно важат оптималните карактеристики на овие гуми во врска со прилепеноста, шумот при движење, трошењето и аквапланингот.

Доколку во исклучителен случај резервното тркало* мора да се монтира во насока спротивна од насоката на движење, тогаш гумата нема да ги поседува оптималните карактеристики на движење. Тоа е важно, доколку подот е влажен.

За повторно да монтирате гуми со дирекционален профил, дупнатата гума заменете ја колку што е можно побрзо и повторно воспоставете ја задолжителната насока на вртење на гумата во правилната насока.

Дополнителни зафати

- ***Фелни од лесен метал:*** Повторно ставете ги капаците на завртките на тркалото.
- ***Лимени фелни:*** Повторно ставете ја раткапната на тркалото.
- Сместете ја целата опрема за поправка.
- Во случај заменетото тркало да не одговара на вдлабнатината на резервното тркало, безбедно сместете го во багажниот простор.
- Проверете го притисокот во гумата на монтираното тркало колку што е можно поскоро.
- Лак возила со контролен приказ за притисок во гуми, коригирајте го притисокот во гумите и зачувајте го.
- Колку што е можно побрзо со клуч за вртежен момент проверете го затезниот вртежен момент на завртките на тркалата, кој треба да изнесува 120 Nm. Дотогаш возете внимателно.
- Дефектното тркало заменете го колку што е можно побрзо.

Ланци за снег

Употреба

Ланците за снег се само за предните тркала.

- По неколку метри седиштето на ланците за снег повторно проверете го односно коригирајте го согласно упатството за монтирање од производителот.
- Почитувајте ја максималната брзина од 50 km/h (30 mph).
- Доколку и покрај монтирани ланци за снег постои опасност од брзо возење, потребно е да се деактивира регулирањето на системот за контрола на тракција (ASR) во ESC.

При зимски услови на улиците ланците за снег не го подобруваат само ***погонот***, туку и ***сопирањето***.

Употребата на ланци за снег од технички причини е дозволена само на одредени комбинации од фелни/ гуми:

195/60 R16	Ланци со алки од најмногу 13,5 mm
205/60 R16	Ланци со алки од најмногу 9 mm
205/55 R17	
215/45 R18	

При режим со ланци за снег треба да ги извадите заштитните капаци на тркалата и прстените на фелните.

При возење на патеки без снег мора да ги извадите ланците. Возните карактеристики ќе се нарушат и гумите брзо ќе се оштетат, така што може дури и да се уништат и да не може да се користат.

⚠ ВНИМАНИЕ

Ланците за снег мора правилно да се затегнат согласно упатствата од производителот. На тој начин ќе се избегне контакт на ланците за снег со куќиштето на тркалото.

Влечење возило во итен случај

Влечење



Слика 76 Преден браник, десна страна: Окце за влечење.



Слика 77 Заден браник, десна страна: Окце за влечење.

Окца за влечење

Прицврстете ја шипката или сајлата на окцата за влечење.

Окцата за влечење се наоѓаат во багажниот простор, под капакот на подот за товарање и покрај алатот во возилото ››› страна 54.

Навртете го окцето за влечење во винтот ››› Слика 76 или ››› Слика 77 и цврсто затегнете го со клучот за тркала.

Сајла односно шипка за влечење

Најнвнимателно и најбезбедно ќе возите со шипка за влечење. Треба да користите сајла за влечење, само ако на располагање немате шипка за влечење.

Сајлата за влечење треба да е еластична за да се транспортираат двете возила. Користете сајла од синтетички влакна или сајла од сличен еластичен материјал.

Сајлата односно шипката за влечење прицврстувајте ја само на окцата кои се предвидени за тоа односно на опремата за приколка.

Возач на возилото кое влече

- Тргнете кога сајлата ќе е затегната.
- При поаѓањето додавајте гас особено лесно (рачен менувач) односно внимателно (автоматски менувач).

Начин на возење

За влечењето е потребно одредено вежбање, особено при користење на ***сајла за влечење***. Двата возачи треба да се запознати со потешкотиите на процесот на влечење. Оние кои не се искусни не треба да влечат.

Внимавајте на вашиот начин на возење за да не настанат недозволени влечни сили и оптоварувања поради удари. При маневри на влечење надвор од асфалтиран пат постои опасност да се преоптоварат деловите за прицврстување.

Палењето на возилото кое се влече мора да биде вклучено за да не се блокира управувачот, а трепкачите, свирката, бришачите за стакла и уредот за миење стакла може да се вклучени.

Кај возила со рачен менувач, рачката на менувачот доведете ја во неутрална позиција. Кај автоматски менувач, рачката на менувачот поставете ја во позиција **N** .

Поради тоа што засилувачот на сопирачките не работи при мотор во мирување, за да сопирате, педалот за сопирање мора да го притиснете посилно од вообичаено.

Поради тоа што серво управувањето не работи при мотор во мирување, за управување мора да употребите поголема сила.

››› ⚠ во Напомени за корисникот

Стартување со влечење

Доколку моторот не стартува, следно обидете се моторот да го стартувате со акумулаторот на друго возило ››› страна 61.
Моторот треба да се стартува со влечење, доколку полнењето на акумулаторот не функционира. Тоа се врши со користење на движењето на тркалата.

Возилата со **бензински мотор** смее да се стартуваат со влечење само на ***кратко*** растојание, затоа што во спротивно во катализаторот може да остане несогорено гориво.

Во случај вашето возило да мора да се стартува со влечење:

- Поставете 2 или 3 степен.
- Куплунгот држете го притиснат.
- Вклучете го палењето.
- Доколку двете возила се во движење, пуштете го куплунгот.
- Штом моторот се стартува, притиснете го куплунгот и поставете неутрален степен за да избегнете поаѓање на возилото кое влече.

››› ⚠ во Напомени за корисникот

Помош при стартување

Кабел за помош при стартување

Кабелот за помош при стартување мора да има доволен напречен пресек на водот.

Доколку моторот не стартува затоа што акумулаторот на возилото е испразнет, за стартување можете да користите акумулатор на друго возило.

Кабел за помош при стартување

За помош при стартување потребен ви е **кабел за помош при стартување согласно стандардот DIN 72553** (почитувајте ги упатствата на производителот на кабелот). Напречниот пресек на водот кај возила со бензински мотор мора да изнесува најмалку 25 mm² и кај возила со дизел мотор најмалку 35 mm².

Напомена

• Меѓу возилата не смее да има контакт, во спротивно веќе при поврзување на позитивниот пол би можело да тече струја.

• Испразнетата батерија мора правилно да се прикачи на електричниот систем во возилото.

Помош при стартување: Опис



Слика 78 Шема на приклучување за возила без Start-Stop систем.



Слика 79 Шема на приклучување за возила со Start-Stop систем. »

Приклучок на кабел за помош при стартување

1. Исклучете го палењето на двете возила ›››⚠
2. Едниот крај на ***црвениот*** кабел за помош при стартување прикачете го на позитивниот пол (+) на возилото со испразнетата батерија на возилото (A) ››› **Слика 78**.
3. Другиот крај на ***црвениот*** кабел за помош при стартување прикачете го на позитивниот пол (+) на возилото на кое му е потребна струја (B) .

4a. ***Кај возила без Start-Stop систем:*** едниот крај на ***црниот*** кабел за помош при стартување прикачете го на негативниот пол - на возилото кое дава струја (B) ››› **Слика 78**.

4b. ***Кај возила со Start-Stop систем:*** едниот крај на ***црниот*** кабел за помош при стартување (X) прикачете го на соодветен приклучок за приземјување, на масивен метален дел фиксно прицврстен со блокот на моторот или на самиот блок на моторот ››› **Слика. 79**.

5. Другиот крај на ***црниот*** кабел за помош при стартување (X) во возилото со испразнетиот акумулатор прикачете го на метален дел фиксно прицврстен со блокот на моторот, масивен метален дел или на самиот блок на моторот, но колку што е можно подалеку од акумулаторот (A) .
6. Кабелот поставете го така што нема да може да се фати од вртливите делови.

Стартување

7. Стартувајте го моторот на возилото кое дава струја и оставете го да работи во слободен од.
8. Стартувајте го моторот на возилото со испразнет акумулатор и почекајте 2 до 3 минути, додека моторот работи.

Вадење на кабелот за помош при стартување

9. Пред откачувањето на кабелот за помош при стартување исклучете го светлото за возење, ако е вклучено.
10. Во возилото со испразнетиот акумулатор вклучете го вентилаторот за греење и загревањето на задното стакло, со тоа при откачувањето ќе се отстранат максималните напони кои настануваат.
11. При мотор кој работи, кабелот извадете го точно по обратен редослед, како што е опишано погоре.

Притоа обрнете внимание приклучените клешти да имаат доволен метален контакт со половите.

По 10 минути прекинете го процесот на стартување ако моторот не стартува и по околу една минута обидете се повторно.

⚠ ВНИМАНИЕ

- **При зафати во просторот на моторот обрнете внимание на предупредувачките напомени.**
- **Акумулаторот кој дава струја мора да има ист напон (12 V) и ист капацитет (видете отисок на акумулаторот) како празниот акумулатор. Во спротивно постои опасност од експлозија!**
- **Никогаш не вршете помош при стартување, ако акумулаторот е замрзнат – опасност од експлозија! Опасност од изгореници постои и од истечената киселина на акумулаторот. Заменете го замрзнатиот акумулатор.**
- **Изворите на палење (отворено светло, цигари кои горат) држете ги подалеку од акумулаторите. Во спротивно постои опасност од експлозија!**
- **Почитувајте го упатството за употреба на производителот на кабелот за помош при стартување.**
- **Негативниот кабел кај другото возило не приклучувајте го директно на негативниот пол на испразнетиот акумулатор. Со настанувањето на искри би можел да се запали гасот кој излегува од акумулаторот – опасност од експлозија!**
- **Негативниот кабел кај другото возило никогаш не прикачувајте го на делови на системот за гориво или на водовите на сопирачките.**
- **Деловите на клештите со половите не смее да се допираат. Покрај тоа**

кабелот кој е прикачен на позитивниот пол на акумулаторот не смее да се допира со деловите на возилото кои спроведуваат електрична енергија – опасност од краток спој!

- **Кабелот поставете го така што нема да може да се фати од вртливите делови во просторот на моторот.**
- **Не наведнувајте се над акумулаторите – опасност од повреди!**

Напомена

Возилата не смее да се допираат, во спротивно веќе при поврзувањето на позитивниот пол би можела да тече струја.

Замена на метлички на бришачи

Замена на метлички на бришачи за стакла



Слика 80 Бришачи на стакла во позиција за сервис.



Слика 81 Замена на метличка на бришач за стакло бришачот за предното стакло.

За замена на метличките на бришачите за стакло, бришачите за стакло мора да се доведат од позиција на мирување во т.н. позиција за сервис.

Метличките на бришачите за стакло не менувајте ги надвор од позицијата за сервис, затоа што преку гребење на рачката на бришачот за стакло може да дојде до отстранување на лакот на капакот од просторот на моторот.

Позиција за сервис (за замена на метличка на бришач)

- Осигурете се, дека метличките на бришачите не се замрзнати.
- Вклучете го и повторно исклучете го палењето и потоа (пред истекување на 9 секунди) рачката на бришачот за стакло притиснете ја надолу (еднократно бришење). Метличките на бришачот за стакло поставете ги во позиција за сервис ››› **Слика 80**.

Отстранување на метличка на бришач за стакло

- Подигнете ја рачката на предниот бришач.
- Притиснете го копчето за отклучување (1) ››› **Слика 81**.
- Метличката на бришачот откачете ја од рачката на бришачот.

Замена на метличка на бришач за стакло

- Метличката на бришачот поставувајте ја во рачката на предниот бришач, додека не се слушне клик.
- Рачките на бришачите за стакло доведете ги во нивната почетна позиција.
- Вклучете го палењето, рачката на бришачот за стакло притиснете ја надолу (еднократно бришење) и исклучете го палењето.

››› ⚠ **во Замена на метлички на бришачите за предното и задното стакло**

Замена на бришач за задното стакло



Слика 82 Извадете ја метличката на бришачот за задното стакло и поставете ја.

Вадење на метличка на бришач

- Рачката на бришачот за стакло одделете ја од задното стакло.
- Турнете го адаптерот за метличката на бришачот во насока на стрелката и извлечете ја метличката на бришачот ››› **Слика 82 A** .

Прицврстување метличка на бришач

- Со една рака цврсто држете го горниот крај на рачката на бришачот.
- Метличката на бришачот поставете ја како што е прикажано во ››› **Слика 82 B** и туркајте го адаптерот, додека не се фиксира.

››› ⚠ во Замена на метлички на бришачите за предното и задното стакло